*Даниела ДИМИТРОВА*

## ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ХЕНДИКЕПИРАНИТЕ 3 ДЕКЕМВРИ

Во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на хендикепираните-3 декември, беа истакнати актуелните проблеми од животот на инвалидните лица и мошне нагласените потреби за посоодветна грижа на државните институции за ваквите лица.

По повод одбележувањето на овој ден беше одржана прес-конференција на Заедницата на хендикепираните лица на Македонија на кое беше изнесено незадоволството од сегашниот статус на овие лица во општеството и маргинализацијата на нивните проблеми.

На пригоден начин во одбележувањето на Денот на хендикепираните лица се вклучија студентите со професорите од Институтот за дефектологија при што беше изведена приредба на која учествуваа ученици од скопските посебни установи, а беше упатен и апел до деканатите на Филозофскиот и Филолошкиот факултет за отстранување на архитектонските бариери на факултетите за да можат студентите со телесна инвалидност непречено да ги користат соодветните простории за настава.

## ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА “БЕЛИОТ СТАП” ПРОМОВИРАН Е ПРВИОТ БРОЈ НА СПИСАНИЕТО “НАШ ЗБОР” НА БРАЕВО ПИСМО

На 15 октомври 1997 година, во организација на Сојузот на слепите на Македонија се одбележа Меѓународниот ден на “БЕЛИОТ СТАП”-кој со усвојувањето на Резолуцијата 3 на Генералното Собрание на Светскиот Сојуз на слепите на Заседанието во Каиро од 2-6 ноември 1992 година во многу земји, меѓу кои и во нашата, секоја година се одбележува.

Годинава, одбележувањето на Меѓународниот ден на “БЕЛИОТ СТАП” беше збогатено со промовирање на Првиот број на Браевото списание “НАш ЗБОР” од страна на академикот Матеја Матевски. Исто така во просториите на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид “Димитар Влахов”-Скопје беше отворена и изложба на ТИФЛО помагала.

## ОДРЖАН СИМПОЗИУМ **“ОПШЕСТВЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕТО”**

На 3-4 октомври 1997 година во Струга, Институтот за педагогија и социологија при Филозофскиот факултет од Скопје, организираа научен симпозиум на тема “Општествената транзиција и образованието”, под покровителство на д-р Софија Тодорова, Министер за образование и физичка култура на Р. Македонија.

На Симпозиумот со свои трудови учествуваа и претставници на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет.